# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 1 22 22 И НА БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА СЛУЖБА ПРИ ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ ВО 2012 ГОДИНА




ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
20 МЕЃАШИ 1992-2012
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА
НИЕ СМЕ ИДНИНАТА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јануари 2013

# СОДРЖИНА:

Генерални согледувања за работата на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 и на Бесплатната правна служба за 2012 година.........................................................................3
1.Краток опис на досегашната работа на СОС телефонот за деца и млади 08001222.......................................................................................................................4
2.Општи податоци за работата на СОС телефонот за деца и млади ..............................................5
2.1 Методологија на систематизирање на податоците.................................................................5
3. Податоци за јавувачите.........................................................................................................5
3.1 Податоци за јавувачите според возраста..................................................................................5
3.2 Обраќања од страна на деца...................................................................................................6
3.3 Обраќања според полот на јавувачите......................................................................................6
3.4 Обраќања според етничката припадност на јавувачите..........................................................7
3.5 Обраќања според средината на живеење на јавувачите...........................................................7
4. Начини на дојава.................................................................................................................8
5. Податоци за децата кои се опфатени во случаите на можни прекршувања на детските права пријавени во Детската амбасада Меѓаши.........................................................................9
5.1 Табела со категории на проблеми на децата-жртви..................................................................9
5.2 Графички приказ на категории на проблеми на децата жртви.................................................10
5.3 Графички приказ на возраста на децата жртви........................................................................11
5.4 Графички приказ на децата чии права се прекршени според етничката припадност.............12
5.5Графички приказ на децата чии права се прекршени според средината на живеење.............12
6. Категории на проблеми.........................................................................................................13
6.1 Графички приказ на најзастапените форми на насилство врз децата......................................13
6.2 Прекршување на правата на децата при бракоразводни постапки..........................................14
6.3 Семејно насилство..................................................................................................................14
6.4 Барање на материјална и финасиска помош............................................................................14
6.5 Насилство врз децата во воспитно-образовни институции......................................................14
6.6 Сексуална злоупотреба............................................................................................................15
6.7 Питачење................................................................................................................................15
7. Психо-социјално советувалиште..............................................................................................15
8. Постапување на Бесплатната правна служба...........................................................................15
9. Генерални препораки и заклучоци...........................................................................................17

**Генерални согледувања за работата на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 и на Бесплатната правна служба за 2012 година**

Едно од основните согледувања е дека децата се најнезаштитени онаму каде што треба да бидат најзаштитени (во домот, во училиштето, во другите институции кои се надлежни да овозможат непречено остварување на правата на децата).

На СОС телефонот за деца и млади, во текот на **2012 година,** се регистрирани **397 контакти**[1], со кои подоцна дополнително сме комуницирале **959 пати**. Дополнителната комуникација е со цел да ги информираме дојавувачите какви мерки се преземени од наша страна, кои се одговорите од надлежните институции, како и нивните известувања до нас за сите настанати промени во пријавениот случај.

Вкупниот број на регистрирани јавувачи во 2012 година е 397. Од нив само **27 деца** имале храброст да пријават насилство или прекршување на некое нивно право.

Врз основа на информациите кои ги имаме добиено за можни прекршување на детските права и кои се структурирани според **бројот на деца кои се опфатени во овие случаи,** станува збор за вкупен број од **587** деца каде што постојат сомневања за можно прекршување на некое нивно право. Најкарактеристични податоци кои што можат да се издвојат за децата кои се опфатени во пријавените случаи, за можни прекршувања на нивните права, регистрирани во Детската амбасада Меѓаши се:

- **Сиромаштија- 111 деца,** од вкупниот број на деца потенцијални жртви, живеат на работ на егзистенцијата, во субстандардни услови.
- **Семејно насилство-106 деца,** од вкупниот број на деца потенцијални жртви, биле незаштитени и изложени на насилство во своето семејство.
- **Несоодветна институционална функционалност во одредени случаи-57 деца** се соочиле со институционална неефикасност (проблем во утврдување на надлежност и одговорност меѓу државните институции, ненавремено реагирање, непочитување на детското мислење во постапки кои се од значење за децата, дополнителна виктимизација и стигматизација на деца кои веќе биле жртви...)
- **Насилство во училиште-постои сомнеж дека 33 деца** биле незаштитени и изложени на насилство во своето училиште.
- **Сомнеж за сексуална злоупотреба-18 деца** биле жртви на сексуална злоупотреба или постои сомнеж за сексуална злоупотреба од страна на близок или познаник на детето-жртва.

---

[1] Контактирањето се остварува преку дирекно јавување на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222, преку е-маил sos@childrensembassy.org.mk, преку социјаните мрежи и со директна посета во нашите простории.

## 1. Краток опис на досегашната работа на СОС линијата

СОС телефонот за деца и млади функционира скоро 20 години (од октомври 1993 година) и досега се регистрирани вкупно 19.217 повици. СОС телефон за деца и млади 0800 1222 претставува служба за директна помош и поддршка на децата, младите и нивните семејства. Овој телефон за помош и поддршка во текот на сите овие години преставува промотор на детските права.

Со телефонскиот повик децата може да добијат помош и информации, стручен совет, психо-социјална поддршка или едноставно да разговораат за проблемите со кои се соочуваат, а за кои немаат н а кого да се обратат. Токму затоа стручниот тим на СОС линијата го сочинуваат педагози, психолози, социјални работници, психотерапевти и волонтери од овие профили кои во разговорите не даваат готови решенија на проблемите, туку разговараат за можни алтернативи за решавање на проблемот за кој ни се јавиле.

Во зависност од видот на проблемот за кои ни се обраќаат јавувачите, и во зависност од прекршувањето на правата на децата, паралелно со СОС службата функционира и бесплатната правна служба. Таа постапува со писмени обраќања до надлежните институции, но нејзината работа не застанува тука. Потоа правната служба ги следи постапките кои ги преземаат овие институции во врска со случајот и реагира доколку согледа дека не постапуваат во најдобар интерес на децата.

## 2. СОС телефонот низ бројки, во текот на своето 19 годишно функционирање

**Табела1а. СОС телефонот низ бројки, во периодот 1993-2000**

| **Година** | **Број на повици** | **Пол на јавувачот** | | **Возраст на јавувачот** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | до 12 години | 13-18 години | над 18 |
| 1993-1994 | **3769** | 537 | 2496 | 471 | 2192 | 370 |
| 1994-1995 | **4609** | 136 | 2474 | 339 | 2088 | 183 |
| 1995-1996 | **990** | 88 | 328 | 22 | 279 | 115 |
| 1996-1997 | **1294** | 108 | 598 | 46 | 469 | 191 |
| 1997-1998 | **1200** | 107 | 399 | 59 | 279 | 168 |
| 1998-1999 | **1250** | 62 | 259 | 14 | 202 | 105 |
| 1999-2000 | **1000** | 92 | 184 | 11 | 113 | 152 |
| **Вкупно** | **14112** | | | | | |

**Табела 1б) СОС телефонот низ бројки, во периодот 2001 – 2012**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2000-2001 | **143** | 29 | 114 | 43 | 46 | 54 |
| 2001-2001 | **77** | 19 | 58 | 0 | 18 | 59 |
| 2002-2003 | **324** | 77 | 247 | 12 | 103 | 209 |
| 2003-2004 | **414** | 98 | 316 | 43 | 117 | 254 |
| 2004-2005 | **912** | 320 | 592 | 198 | 225 | 489 |
| 2005-2006 | **704** | 190 | 154 | / | / | / |
| 2006-2007 | **361** | / | / | / | / | / |
| 2007-2008 | **360** | / | / | / | / | / |
| 2008-2009 | **377** | 128 | 231 | 6 | 18 | 353 |
| 2009-2010 | **239** | 163 | 205 | 5 | 16 | 208 |
| 2010-2011 | **235** | 73 | 123 | 5 | 10 | 206 |
| 2011-2012 | **959**[2] | | | | | |
| **Вкупно** | **5150** | | | | | |
| **Вкупно 1993 - 2012** | **19217** | | | | | |

[2] При согледувањето и анализирањето на податоците треба да се има во предвид фактот дека од оваа година Детската амбасада Меѓаши има нова методологија за бележење на податоците. Под терминот „контакт„ се подразбира еднаш пријавен случај, додека дополнителнителната комуникација за случаите или 959 пати. Деца жртви се сите деца жртви или потенцијални жртви опфатени во одреден случај

Според овие податоци може да констатираме дека се одржува континуитет на дојави за прекршување на правата на децата, но исто така сметаме дека е неопходно да се продолжи со активности со кои децата, младите и нивните семејства ќе бидат информирани за постоењето и работата на СОС линијата.

## 2. Општи податоци за работата на СОС телефонот во текот на 2012 година

### 2.1 Методологија на систематизација на податоците

Податоците беа собирани врз основа на информациите кои ги имаме добиено за можни прекршување на детските права. При што секој контакт е бележен како еден случај. Контактот може да биде остварен на следниве начини: со јавување на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222, со јавување на фиксниот телефон на Првата детска амбасада Меѓаши 2465-316, преку нашата е-маил адреса sos@childrensembassu.org.mk и info@childrensembassy.org.mk, на facebook страната на Првата детска амбасада Меѓаши, преку пошта и со диреконо доаѓање во просториите на Првата дестка амбасада Меѓаши.

Дополнителната комуникација за секој остварен контакт или случај е со цел да ги информираме дојавувачите какви мерки се преземени од наша страна, кои се одговорите од надлежните институции, а тука се вбројуваат и нивните известувања до нас за сите промени во пријавениот случај. Овие податоци се изразени како дополнителна комуникација.

Кога станува збор за бројот на деца во случаите за кој јавувачите се обратиле во Детската амбасада Меѓаши за можно прекршување на правата на децата, опфатени се вкупен број на деца-жртви или потенцијални жртви за кои е побарано одредена помош или информација.

## 3. Податоци за јавувачите

На СОС телефонот за деца и млади во текот на **2012 година** се регистрирани **397 контакти**, со кои подоцна дополнително сме комуницирале **959 пати**. Вкупниот број на деца жртви опфатени во пријавените случаи е **587 деца.**

### 3.1 Податоци за јавувачите според нивната возраст

Во 2012 година во Детската амбасада Меѓаши се имаат обратено 397 јавувачи, од кои 27 се деца, а останатите 348 се возрасни лица, 20 се непознати (овие јавувачи ни се обратиле преку електронска адреса или facebook страницата затоа нема можност да се идентификува нивната возраст) и 1 случај има произлезено од одредена информација од медиумите и 1 случај е од анонимен јавувач .



### 3.2 Обраќања од страна на децата

Со овој годишен извештај може да забележиме зголемен процент на контактирање на СОС телефонот од страна на децата, но сепак е неопходно и понатаму интезивно да се работи на охрабрување на децата и младите, да се јават за да се информираат или за да пријават прекршување на нивните права.

Кај децата јавувачи карактеристично е што на СОС телефонот се имаат обратено двојно повеќе девојчиња, поточно 18, отколку момчиња, чиј вкупен број е 9 и имаме една анонимна дојава. Воедно може да забележиме дека во 2012 година довербата на децата кон Детската амбасада Меѓаши е зголемена, што може да го увидиме преку тоа што сите оние кои ни се обратиле еднаш го продлабочиле контактот преку посета во Меѓаши со 33 дополнителни средби и 33 дополнителни контактирања преку СОС телефонот и електронската пошта.

### 3.3 Обраќања според полот на јавувачите

Оваа година, во однос на претходните години, бројот на машки и женски дојавувачи е речиси изедначен, за разлика од претходните години каде што бројот на женските дојавувачи беше двојно поголем од бројот на машки дојавувачи.

**Табела 1**

| **Јавувачи** | **Пол на јавувачот** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| Деца | Машко | **9** |
| | Женско | **18** |
| | Анонимно | **1** |
| Возрасни | Машко | **145** |
| | Женско | **190** |
| | Анонимно | **13** |
| Непознато | | **20** |
| Правно лице | | **0** |
| Медиуми | 1 | **1** |
| Вкупно | 1 | **397** |

### 3.4 Обраќања според етничката припадност на јавувачите

**табела 2**

| Македонци | Албанци | Роми | Други | Непознато | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | 0 | 3 | 0 | 1 | **9** |
| 14 | 0 | 4 | 0 | 0 | **18** |
| 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| 94 | 13 | 22 | 5 | 11 | **145** |
| 144 | 8 | 20 | 2 | 16 | **190** |
| 5 | 3 | 0 | 0 | 5 | **13** |
| 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | **20** |
| 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| **262** | **24** | **49** | **7** | **55** | **397** |
| **65.99%** | **6.05%** | **12.34%** | **1.76%** | **13.85%** | **100.00%** |

Според етничката припадност на јавувачите, најголемиот број од јавувачите односно 262 (66%) се Македонци, 27 (12%) од јавувачите се Роми, 20 (9%) се Албанци, додека на 29 (13%) јавувачи не им е позната етничката припадност.

Од овие податоци можеме да забележиме дека е потребна поголема популаризација на СОС телефонот меѓу различните етнички заедници и нивно охрабрување да ги пријавуваат и да не премолчуваат за одредени прекршувања на детските права, како што се физичкото и психичкото насилство врз децата во семејството и надвор од него, сексуалната злоупотреба, искористување на детскиот труд (питачење, детска проституција) и ред други прекршувања на детските права кои влијаат на неправилен раст и развој на детето.

### 3.5 Обраќања според срединава на живеење на јавувачите




Според средината на живеење на јавувачите, најголемиот број од јавувачите 274 (69%) живеат во урбани средини 63 односно (16 %) живеат во рурална средина, а за 60 (15%) од дојавувачите не е позната средината на живеење. Од овие податоци може да се забележи дека бројот на јавувачи од руралните средини е за повеќе од три пати помал од бројот на јавувачи од урбаните средини. Оваа појава сметаме дека се должи на помалата информираност на луѓето кои што живеат во руралните средини за правата на децата, начинот и постапката за нивна заштита, како и недоволно промовирање на СОС телефонот во овие

средини. Имено, во иднина е потребно користење на соодветни промотивни алатки за детските права во овие средини и во случај на нивно кршење овие граѓани да бидат запознаени дека може да се обратат на СОС телефонот 0800 1 22 22.

## 4. Начини на кои се остварени контактите




Во текот на 2012 година најголемиот број на дојави 761 или 79,35% се остварени преку СОС телефонот за деца и млади. Оваа година може да забележиме дека има зголемување на дојавите по електронска пошта- 54 или 5,63%, што се должи на масовното користење на интернетот, посебно на социјалните мрежи. Но, исто така граѓаните претпочитаат да го практикуваат и начинот на директна посета. При што 142 граѓани или 14,81% од вкупниот број на дојави дошле во Првата детска амбасада Меѓаши, каде остваруваат директни контакти со стручните лица.

## 5. Податоци за децата кои се опфатени во случаите за можни прекршувања на детските права пријавени во Детската амбасада Меѓаши

Податоците беа собирани врз основа на информациите кои ги имаме добиено за можни прекршувања на детските права и се структурирани според бројот на деца кои се опфатени во случаите за кои се обратиле во Детската амбасада Меѓаши. Во оваа опфатеност станува збор за вкупен број од 587 деца жртви или потенцијални жртви за кои е побарано одредена помош или информација

### 5.1 Табела 3 Категории на проблеми на деца жртви

| | Пол на детето - жртва | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | непознат | **вкупно** | % |
| **Семејно насилство** | | | | **83** | 14.14 |
| физичко и психичко насилство | 11 | 25 | 11 | 47 | 8.00 |
| психичко насилство | 4 | 3 | 8 | 15 | 2.56 |
| негрижа врз дете | 14 | 17 | 13 | 21 | 3.58 |
| **Насилство во воспитно образовни институции** | | | | **33** | 5.62 |
| физичко насилство наставник-ученик * | 4 | 1 | 1 | 6 | 1.02 |
| психичко насилство наставник-ученик | 1 | 1 | 1 | 3 | 0.51 |
| физичко насилство ученик-ученик | 3 | 1 | 10 | 14 | 2.39 |
| психичко насилство ученик-ученик | | | 1 | 1 | 0.17 |
| физичко насилство од вработено лице | | | | | 0.00 |
| поплаки за негрижа кон учениците | 4 | | 5 | 9 | 1.53 |
| **Насилство на улица (меѓу врсници)** | 2 | | | **2** | 0.34 |
| **Малолетничка деликвенција** | | | | | 0.00 |
| **Проблеми во меѓусебната комуникација** | | | | **20** | 3.40 |
| родител-родител | 1 | 1 | | 2 | 0.34 |
| родител-дете | 5 | 12 | | 17 | 2.90 |
| со други лица | | 1 | | 1 | 0.17 |
| **Бракоразводни постапки** | | | | **76** | 12.95 |
| проблеми со доделување старателство | 9 | 8 | 3 | 20 | 3.40 |
| проблеми со видување родител - дете | 22 | 21 | 4 | 47 | 8.00 |
| проблеми со видување баба, дедо - дете | 1 | | 3 | 4 | 0.51 |
| проблеми со алиментација | | 2 | 3 | 5 | 0.85 |
| **Проблеми со докажување на татковство** | 1 | | | **1** | 0.17 |
| **Сексуална злоупотреба** | | | | **18** | 3.07 |
| од родител | | 2 | | 2 | 0.34 |
| од близок или познаник | 2 | 3 | | 5 | 0.85 |
| злоупотреба од страна на малолетник врз малолетник | 1 | | | 1 | 0.17 |
| сомнеж за сексуална злоупотреба и подведување | 3 | 7 | | 10 | 1.70 |
| прикажување на порнографски материјали од дете на интернет | | | | | 0.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Малолетничка проституција** | | | | | 0.00 |
| **Љубовна врска малолетник-возрасен** | | 1 | | 1 | 0.17 |
| **Деца жртви на насилство од возрасни лица** | | | | **9** | 1.53 |
| физичко насилство | 1 | 2 | 4 | 7 | 1.19 |
| психичко насилство | 1 | 1 | | 2 | 0.34 |
| Физичко насилство ва рамки на згрижувачко семејство | | | | | 0.00 |
| Психичко насилство во рамки на згрижувачко семејство | | | | | 0.00 |
| **Злоупотреба од страна на медиум** | | | 1 | 1 | 0.17 |
| **Институционална злоупотреба** | 11 | 8 | 38 | **57** | 9.71 |
| **Питачење на деца и млади** | 6 | 3 | 10 | **19** | 3.24 |
| **Здравствени проблеми** | 2 | 2 | | **4** | 0.68 |
| **Проблеми со зависности** | | | | | 0.00 |
| **Исчезнати деца** | 1 | | | **1** | 0.17 |
| **Интернет злоупотреба** | 1 | 2 | 2 | **5** | 0.85 |
| **Информации за бременост** | | | | | 0.00 |
| **Проблеми со посвојување** | | | | | 0.00 |
| **Правни совети и информации** | 10 | 6 | 2 | **18** | 3.07 |
| **Барање на материјална или финансиска помош** | 11 | 4 | 96 | **111** | 18.91 |
| **Информации за детски права и детска заштита** | 11 | 13 | 7 | **31** | 5.28 |
| **Проблеми со живеење** | 4 | 4 | 41 | **49** | 8.35 |
| **Други** | 5 | 7 | 13 | **25** | 4.26 |
| **Вкупно** | 152 | 158 | 277 | **587** | 100.00 |

## 5.2 Графички приказ на категории на проблеми на деца жртви



Според овие податоци најголем број на деца- **111** се изложени на несоодветни услови за живот кои им го поречуваат оптималниот раст и развој како резултат на сиромаштија. Овие деца би можеле да ги ставиме во категорија на деца во социјален ризик бидејќи со немањето на егизтенција станувааат потенцијални жртви на искористување на детскиот труд, занемарување или пак злоупотреба од страна на нивните родители, или пак други лица, кои можат да ги изманипулираат. За жал и оваа година доаѓаме до сознание дека **83 деца** се повторно злоупотребени и занемарени од своите родители, кои физички и психички ги малтретирааат скоро секојдневно. За жал постои можност овие деца да го прифатат агресивниот модел на однесување од страна на родителите како начин на живот и во иднина да пројават девијантно однесување. Од добиените податоците доаѓаме до сознание дека на **76 деца** им се прекршени правата при бракоразводни постапки.

### 5.3 Графички приказ на возраста на децата чии права се прекршени




Според возраста, на најголем број од децата или 54% не ни е позната бидејќи тие кои се обратиле не ни дале таква информација. Но, 26% од децата кои се на училишна возраст се најчести жртви на насилство или прекршување на некое нивно право. Потоа 12% од децата се на предучилишна возраст на кои им се пркершени правата или постои сомнеж за прекршување на истите.

**5.4 Графички приказ на деца чии права се прекршени според етничката припадност**




Со оглед на тоа што најголем процент од јавувањата на СОС телефонот се од граѓани со македонска етничка припадност, не е изненадувачки и фактот дека највисок е процентот за прекршување на правата на децата од македонска националност. Но, изненадувачки е фактот дека имавме мал процент на пријави од граѓани од ромска етничка припадност, а во однос на можните прекршување на детските правата, процентот на децата ромчиња е значително висок, поточно 33%.

**5.5 Графички приказ на деца чии права се прекршени според средина на живеење.**



Според бројот на деца чии права се прекршуваат, можеме да забележиме висок процент на прекршување на правата на децата во **урбаните** средини, односно 61% од вкупно регистрираните случаи. На 21% од децата што живеат во рурални средини им се прекршени правата. Овој податок ни укажува дека има потреба од информирање и зголемување на свеста кај децата и родителите кои живеат во рурални средини за пријавување на било која форма на прекршување на правото на дете, особено кога станува збор за насилство.

## 6. Категории на проблеми




## 1.1 Графички приказ на најзастапените форми на насилство врз децата



## 6.2 Прекршување на правата на децата при бракоразводни постапки

Од вкупниот број на случаи, 138 се однесуваат на прекршување на правата на децата при бракоразводни постапки. Деца имаат проблеми при видување со родителот, а исто така застапени се и проблемите со доделување на старателство и исплаќање на алиментација. При бракоразводните постапки, кои се почести, најголеми жртви се децата кои што страдаат заради проблемите кои ги имаат возрасните родители, а кои најчесто се однесуваат на проблемите во комуникацијата помеѓу нив. Во текот на бракоразводната постапка, не секогаш се зема во предвид мислењето на детето, па затоа децата најчесто мораат да остваруваат контакт со еден од родителите, иако тоа е против нивната волја. Децата, исто така, претставуваат "жртви" во овие ситуации, бидејќи постојат родители кои свесно или несвесно го користат своето дете како средство во меѓусебно докажување и покажување на моќ на другиот родител, а притоа го занемаруваат интересот на своето дете.

## 6.3 Семејно насилство

Во текот на 2012 година од вкупниот број на случаи 100 се однесуваат на семејно насилство. Според деца се жртви на на психичко, физичко насилство или негрижа од страна на сопствените родители. Овие деца секојдневно се изложени на омаловажување, навреди, тепање или пак не им се задоволени егзистенцијалните потреби како мерка за дисциплинирање и воспитување, која за жал ја користат нивните родители. Сето ова влијае на нивниот оптимален психо-физички развој.

## 6.4 Барање на материјална и финансиска помош

Еден од проблемите кој што исто така е застапен е барање на материјална и финансиска помош. Голем број на семејства кои се многудетни живеат секојдневно на работ на егзистенцијата, каде што прекршувањето на нивните детски права е сериозно загрозено. Во 97 случаи граѓаните побарале материјална и финансиска помош. Овој податок укажува на фактот дека финансиско-социјалната состојба во државата е во значително тешка положба и бара поголемо внимание и поддршка од страна на надлежните институции со цел да се превенираат дополнителни кршења на детските права, имајќи предвид дека децата кои доаѓаат од овие семејства се поподложни на искористување и злоупотребување.

## 6.5 Насилство врз децата и младите во воспитно-образовни институции

Бројката за насилство врз децата и младите во воспитно-образовните институции е значително поголема, кога ќе се земе во предвид дека за одредени случаи каде што постои сомнеж за кршење на детските права имаме пријава од еден јавувач, кој не информира дека во одредено училиште има сомнеж за несоодветен одноос на некој наставник, а таквиот несоодветен однос има негативно влијание врз сите деца во училиштето, иако ние во нашата евиденција тоа го евидентираме како еден случај.

Според податоците, од вкупниот број на случаи-58, кои се примени во текот на изминатата 2012 година, се однесуваат на несоодветен однос од страна на вработените во воспитно-образовните институции кон децата, психичко насилство, насилство на релација ученик-ученик.

Овие податоци се доволен показател дека треба да се преземат одредени мерки и да се врши постојана контрола и надзор врз работата на образовните институции од страна на надлежните институции. Затоа, сметаме дека образовните институции потребно е да моделираат средина на ненасилно однесување, а наставниот кадар треба да негува емпатија и вештини за мирно решавање на споровите.

### 6.6 Сексуална злоупотреба

Во 2012 година имаме добиено информации за 18 случаи за можна сексуална злоупотреба врз деца, и тоа за 2 деца за кои постојат основни индикации дека се сексуално злоупотребени од страна на родител/старател, 5 деца за кои постојат основни индикации дека се сексуално злоупотребени од страна на познат или непознат сторител, 10 случаи за кои постои сомнеж дека се сексуално злоупотребени и 1 случај за злоупотреба од страна на наставник.

### 6.7 Питачење - искористување на детски труд

Некои од граѓаните во државата не го остваруваат правото на парична помош или тоа не е доволно, а немаат ни соодветна работа и се соочуваат со сиромаштијата, со што не се во можност да му ги обезбедат основните потреби на семејството. Поради ова децата понекогаш своеволно, а почесто под одреден притисок и принуда од своите родители/ старатели или други организирани групи, мораат да работат несоодветни и тешки работи за нивната возраст, со цел да обезбедат финансиски средства, а со самото тоа се исклучени и од образовниот процес. Покрај тоа што се принудени да работат, постојат и случаи каде што децата питачат за да обезбедат егзистенција или да обезбедат средства за оние кои ги принудуваат на тоа. Во 2012 година имаме 21 случај каде што деца или групи на деца питачат, а загрижувачки е и податокот дека најголемиот број од нив се на возраст од 0-5 години.

## 7. Психо-социјално советувалиште

Во зависност од проблемот за кој се обраќаат децата, младите и возрасните, Детската амбасада Меѓаши во 2012 година ја прошири својата лепеза на услуги и имаше значително висок процент на одржани средби за психосоцијална поддршка во форма на психолошко советување, консултација и психотерапија. Поточно 45 средби беа реализирани по барање на загрижените родители, деца и младинци. Најголемиот дел од средбите беа за проблеми во меѓусебна комуникација помеѓу родителите и децата, 13 остварени средби. Со оглед на тоа што генерално се бележи пораст на бракоразводните постапки, беа побарани 7 средби за тоа како да се пристапи кон децата за полесно да ја разберат и прифатат конкретната состојба и промена во животот. За негрижа врз дете се остварени 6 средби, а 4 средби беа организирани за еден случај каде постои сомнеж за сексуална злоупотреба. Дел од овие средби, поточно 10, беа реализирани за разговори со психотерапевтите со цел да имаат со кого да споделат и да се советуваат, знаејќи дека овде се ислушани со полно внимание и прифатени без никакви предрасуди и осуди. Од особено значење е тоа што најголемиот дел од одржаните први средби, поради добро остварениот контакт и доверба, се развиваа и во дополнителни средби и контакти.

## 8. Постапувања на бесплатната правна служба

Покрај бесплатната СОС линија за деца и млади, во рамките на Првата детска амбасада во светот Меѓаши функционира и бесплатната правна служба. Правна служба постапува со писмени обраќања до соодветните државни и социјални институции, ги следи постапките на овие институции и реагира доколку не се постапува во најдобар интерес на децата. Во 2012 година бесплатната правна служба постапуваше со 117 писмени обраќања до соодветните институции. Најголемиот број од писмените претставки, 47 на број, беа испратени до Народниот Правобранител, 41 претставки беа испратени до Центрите за социјална работа, 8 беа испратени до надлежните сектори на Министерството за внатрешни работи, една претставка беше испратена до надлежна полициска станица. До Дирекцијата за заштита на

личните податоци се имаме обратено 2 пати, додека 19 претставки се испратени до останати надлежни институции. Од досегашниот број на пратени претставки, односно **од 117**, добиени се **95 одговори**, од кои 65 одговори се добиени од Народниот Правобранител, 22 одговори се добиени од Центрите за социјална работа и 8 одговори се добиени од останатите надлежни институции.

При постапувањата, правната служба секогаш бара од надлежните институции да ја информираат повратно за мерките и активностите кои што ќе бидат преземени од нивна страна, се со цел да биде овозможено активно следење на случајот. На овој начин се обезбедуваат и потребните информации за следењето на состојбата со правата на децата во Македонија, што понатаму се користат при подготовката на Алтернативен извештај за состојбата со правата на децата во Република Македонија.

Во некои од своите обраќања правната служба се повикува на одредени меѓународни документи и национални закони во кои се наведени правата на децата, начинот на нивното остварување и механизмите за нивна заштита. Детската амбасада Меѓаши, првенствено се повикува и ја следи имплементацијата на Конвенцијата на правата на детето на Обединетите Нации, како и двата Факултатитвни протоколи кон оваа Конвенција. Исто така ја користи и Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот за најлошите форми на детскиот труд и други меѓународни и национални стандарди за правата на децата. Идејата и целта на постапувањето на бесплатната правна служба е да биде партнер на државните институции во имплеметнирањето на сите погоре наведени документи и создавање на услови за почитување на правата кои ги имаат децата. Правната служба дава и бесплатни правни совети за одредени видови правни проблеми поврзани со правата на децата. Советите се во форма на усмени насоки за примарни постапувања и упатувања каде да се обратат родителите/стрателите и како да постапат во понатамошните активности при заштитата на детските права кога се повредени, оспорени или загрозени. Оваа служба нема за цел да замени ангажирање на стручни лица - адвокати во решавање на конкретните проблеми. Како служба, поради недоволни финансиски и човечки капацитети, не можеме да понудиме составување на поднесоци, покренување на постапка и учество во неа, одбрана и застапување пред судовите, органите на управата и другите надлежни во поединечени случаи, иако за тоа можеме да констатираме дека има голема потреба и обраќање од страна на граѓаните. Во случаи кога не е неопходен адвокат, ние можеме да понудиме одговори на прашањата поврзани со правата на децата. Примарната правна помош претставува давање на општа правна информација, што претставува општо и начелно упатство и информација за тоа како е нешто уредено во одредена правна област, начинот, условите и постапката за остварување на поединечно право односно обврска и слично.

При постапувањето се гарантира тајност и анонимност, се додека тие податоци не бидат побарани од страна на државна институција по службена должност, во насока на постапување по пријавениот случај.

## 9. Генерални препораки и заклучоци

Според податоците кои се добиени, може да се забележи дека сеуште постои голем број на деца кои се изложени на насилство и злоупотреба, но постои и голем број на деца кои го премолчуваат тоа. Најчесто децата се изложени на насилство во рамките на своето семејство од кое што детето треба да ја добива потребната љубов и заштита. Децата се изложени на насилство и несоодветна грижа и во воспитно-образовните институции, каде што треба да се воспитуваат и да се поттикнува нивниот развој и способностите кои ги имаат.

Децата-жртви најчесто се плашат да пријават насилство или злоупотреба бидејќи тие се жртви на насилството од страна на оние кои треба да ги заштитуваат и оние кои треба да се грижат за нив и нивните права. Исто така, децата го премолчуваат насилството бидејќи нивниот апел за помош најчесто не е сфатен со должно внимание од страна на надлежните институции. За правилен раст и развој на личноста на детето потребно е тоа да расте во семејна средина која ќе биде исполнета со љубов, разбирање, среќа, заштита и безбедност.

**Со цел да се подобри состојбата на децата и нивните права, Првата детска амбасада во светот Меѓаши препорачува:**

- При вработувањето на лица во институциите чија основна функција е работа со деца и млади, треба да се врши строга селекција при нивниот избор, како и да бидат подложени на постојан надзор при работењето, како и континуирано доусовршување.
- Родителите потребно е да поминат квалитетно време со своите деца, каде ќе поразговараат со нив за сите проблеми со кои тие се соочуваат.
- Подобрување на комуникацијата на родителите со децата, поттикнување на развојот на вештините за меѓусебна толеранција, решавање на конфликти и емпатија.
- Да се намали потребното време за реагирање при одредени постапувања од страна на надлежните институции.
- Потребна е поголема сензибилизација на вработените во соодветните институции при работата со децата и младите, како и покоректен однос кон родителите/старателите кои се обраќаат за помош кај нив.
- Да се зголеми довербата на децата кон институциите, со цел да се охрабрат и поттикнат децата да го пријават насилството.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши ги поттикнува сите деца и возрасни кои се изложени на насилство, некогаш биле или пак се сведоци на насилство, злоупотреба или било какво прекршување на правата на децата, да не молчат и истото и да го пријават. Затоа што премолчувањето и прикривањето на насилството претставува еден вид на одобрување на насилството и охрабрување за понатамошно дејствување.